Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа
EUROPEAN UNION
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Имплементирано од Советот на Европа

НАЦИОНАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

# БИЛТЕН

ИНФОРМИРАЈ СЕ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

| Јули 2021 | Издание бр. 01

## КОИ НОВИНИ ГИ ВОВЕДЕ ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ОД 2019?

Законот за бесплатна правна помош донесен во мај 2019 донесе неколку значајни новини чија цел беше да се унапреди системот за бесплатна правна помош воспоставен со поранешниот закон од 2009. Поаѓајќи од потребата да се олесни пристапот до правда за граѓаните, законот јасно воспостави и разграничи два облика на правна помош. Примарна насочена кон информирање и советување и секундарна правна помош која опфаќа застапување судски и управни постапки.

Во однос на примарната правна помош се проширија облиците во кои таа се остварува на начин што се додаде можноста за помош при пополнување формулари во управна постапка и претставки пред одредени институции. Дополнително, се зајакнаа критериумите кои здруженијата треба да ги исполнат за да се стекнат со овластување да обезбедат правна помош и се вклучија правните клиники при правните факултети како даватели на примарна правна помош.

Особено значајни се промените кои се воведоа во однос на секундарната правна помош. Покрај правната помош од адвокат корисниците се ослободени од судски и административни такси и трошоците за вештачење. Правните прашања за кои може да се одобри секундарна правна помош исто така се проширија. Особено значајна новина е тоа што повеќе лица ќе имаат пристап до секундарна правна помош преку олеснувањето на рестриктивните услови во однос на финансиската состојба на лицето барател на секундарна правна помош.

Во однос на донесувањето одлуки се изврши децентрализација на процесот на одлучување по барањата за секундарна правна помош, од Министерството кон подрачните одделенија, преку посебно овластени службени лица. Со ова се доближи процесот на одлучување до граѓаните како и да се забрза постапката со избегнување на трошењето на непотребно време во препраќање на документацијата по барањето до Скопје и назад.

## ВО ОВОЈ БРОЈ...

1
Кои новини ги воведе Законот за бесплатна правна помош од 2019?

2
Новини во назначувањето на адвокати за корисниците на секундарна правна помош
Постапка за стекнување со право на бесплатна правна помош

3
Правните клиники – Едукација на идните правници преку давање примарна правна помош
Примарна правна помош во услови на пандемија

4
Промовирана веб-страница со информации за правото на бесплатна правна помош
Национално координативно тело за примена на Законот за бесплатна правна помош

## БЕСПЛАТНАТА ПРАВНА ПОМОШ ВО 2020 НИЗ БРОЈКИ

| | |
|---|---|
| Лица кои добиле примарна правна помош од подрачно одделение | 625 |
| Лица кои добиле примарна правна помош од овластено здружение | 2,039 |
| Лица кои добиле примарна правна помош од правна клиника | 25 |
| Поднесени барања за секундарна правна помош | 215 |
| Одобрени барања за секундарна правна помош | 136 |
| Одбиени барања за секундарна правна помош | 56 |
| Прекин на постапка | 17 |

## ЗА БИЛТЕНОТ

Овој билтен се изработува и објавува во рамки на Националното координативно тело за бесплатна правна помош. Билтенот излегува квартално и служи за информирање на засегнатите страни и јавноста за условите и постапката за остварување на правото на бесплатна правна помош како и да поттикне дебата за унапредување на пристапот до правда за најсиромашните лица.

# НОВИНИ ВО НАЗНАЧУВАЊЕТО НА АДВОКАТИ ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

Со цел обезбедување рамномерна можност на адвокатите кои се запишани во регистарот за секундарна правна помош да обезбедуваат правна помош, новиот закон го промени начинот на кој што се врши назначувањето. Според поранешниот закон од 2009 адвокатот се назначуваше врз основа на волјата на корисникот, а ако корисникот не избере никој, Министерството за правда именуваше адвокат при што немаше дополнителни правила за начинот на кој што се врши изборот. Ваквата нерегулираност во пракса предизвика проблеми при примената и невоедначена распределба на предметите.

Според новиот закон на корисникот за секундарна правна помош му/и се назначува адвокат од листа на адвокати на адвокатска заедница која се наоѓа на подрачјето на кое барателот живее и кои се запишани во Регистарот на адвокати. Доколку од соодветната адвокатска заедница нема запишано адвокати, тогаш овластеното службено лице треба да назначи адвокат од друга најблиска адвокатска заедница. Во однос на начинот на избор на адвокат се предвидени две можности.

Доколку на барателот му е одобрена секундарна правна помош во постапка која е веќе започната пред надлежен суд или орган и има ополномоштен адвокат кој е запишан во Регистар на адвокати, треба да се назначи истиот по претходно дадена писмена изјава од барателот.

Во случај кога корисникот нема адвокат, назначувањето се врши по азбучен ред од листата на адвокати кои по редослед се наоѓа по адвокатот кој претходно е назначен за адвокат во постапката за одобрување на барањето за секундарна правна помош. Доколку барателот даде писмена изјава дека се противи за назначувањето на адвокатот од оправдани причини (недоверба стекната од претходна правна работа, нетрпеливост и слично) во тој случај се продолжува назначувањето на адвокат кој редоследно доаѓа по адвокатот кој претходно бил определен.

# ПОСТАПКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ПРАВО НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Постапката за секундарна правна помош започнува со поднесување на барање до најблиското подрачно одделение на Министерството за правда. Барањето се поднесува на образец и содржи изјава за финансиската состојба на бараталот и неговото домаќинство. Барањето може да се поднесе лично, преку пошта или преку овластено здружение.

Подрачното одделение во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето е должно да испита и да утврди дали барателот ги исполнува условите за одобрување на секундарна помош, - да изготви потврда со која се одобрува или известување со кое се одбива барањето за секундарната правна помош и да ја организира првата средба помеѓу адвокатот и корисникот на секундарна правната помош и датумот на одржување да го наведе во потврдата.

ПО врши проверка на податоците дадени во писмената изјава за финансиската состојба на барателот и членовите на неговото семејство кај надлежните органи кои располагаат со податоци за приходот и имотот на физичките лица. Надлежните институции кои располагаат со податоци за приходот и имотот на барателот на секундарна правна помош и на членовите на неговото семејство, се должни да ги достават бараните податоци без одлагање, а најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на барањето за податоци.

Со потврдата донесена од подрачното одделение со која се одобрува секундарна правна помош се:

- овластува назначениот адвокат за давање на секундарна правна помош,
- ослободува корисникот од судски такси и трошоци поврзани со постапката пред суд согласно закон,
- ослободува корисникот од трошоците за вештачењето и
- ослободува корисникот од административни такси.

Барателот може да поднесе приговор во рок од 15 дена до Министерството против известувањето со кое не се одобрува секундарна правна помош.

# ПРАВНИТЕ КЛИНИКИ – ЕДУКАЦИЈА НА ИДНИТЕ ПРАВНИЦИ ПРЕКУ ДАВАЊЕ ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

### Искуства од Правната клиника при Правниот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" – Штип

Во услови кога напорите за остварување на социјална правда и еднаквост не ги даваат очекуваните резултати, па така голем број граѓани и маргинализирани групи не се во можност (или не знаат) како да ги остварат своите права, сосема оправдано се наметнува потребата од бесплатна правна помош како значаен императив во остварувањето на концептот на владеење на правото.

Оттука е и идејата за основање на Правна клиника на Правниот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" – Штип чија основна надлежност би била обезбедување примарна правна помош онаму каде што е најпотребна. Основниот мотив е да се подигне свеста за значењето и содржината на бесплатната правна помош како и да се работи во конкретни случаи со граѓани кои имаат потреба од помош, а не се во состојба самите да обезбедат остварување на своите законски права преку некој од достапните механизми на заштита. Од непроценливо значење во севкупниот процес е тоа што студентите под менторство на наставниот кадар ќе може директно да се вклучат во работењето на Правната клиника како креативна можност за усовршување на правните вештини и практицирање на правото, надвор од традиционалните наставни програми. Имајќи го предвид сето погоренаведено, бенефитите од постоењето на Правната клиника се навистина значајни.

Со оглед на тоа дека Правната клиника неодамна почна со работа, нашите напори во моментот се насочени кон тоа да се промовираме како овластени даватели на правна помош, како би овозможиле што е можно поголем круг на граѓани (првенствено оние кои се најзасегнати) да се информираат за нашето постоење и она што го работиме. Во оваа насока особено ни е важно да оствариме продлабочување на соработката со останатите надлежни институции кои може да имаат свој придонес во остварувањето на концептот на „правда за сите".

*Текст: Донева Наташа, Роглева Александра*

> ОСНОВНИОТ МОТИВ Е ДА СЕ ПОДИГНЕ СВЕСТА ЗА ЗНАЧЕЊЕТО И СОДРЖИНАТА НА БЕСПЛАТНАТА ПРАВНА ПОМОШ КАКО И ДА СЕ РАБОТИ ВО КОНКРЕТНИ СЛУЧАИ СО ГРАЃАНИ КОИ ИМААТ ПОТРЕБА ОД ПОМОШ, А НЕ СЕ ВО СОСТОЈБА САМИТЕ ДА ОБЕЗБЕДАТ ОСТВАРУВАЊЕ НА СВОИТЕ ЗАКОНСКИ ПРАВА ПРЕКУ НЕКОЈ ОД ДОСТАПНИТЕ МЕХАНИЗМИ НА ЗАШТИТА.



# ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА

### Искуства од Македонското здружение на млади правници (МЗМП) како овластено здружение за примарна правна помош

*Текст: Елена Георгиевска*

Пандемијата го промени начинот на кој што се одвива комуникацијата со лицата кои имаат потреба од примарна правна помош при што како клучни средства за комуникација се наметнаа телефонот и интернетот. Беше забележано дека ваквиот начин на комуникација не може целосно да го замени физичкиот контакт со граѓаните. Поради тоа, во случаите кога тоа беше неопходно, МЗМП остваруваше физички контакт со граѓаните со максимално почитување на мерките за заштита. Теренските активности се одвиваа во смени со постојано присуство на правниците во канцелариите на МЗМП.

Во генерална смисла, реорганизација на начинот на работата на институциите доведе до ограничени посети во установите, ограничен увид во предметите, отежнато придружување на странката, а во голема мера и одолговлекување при одлучувањето по определени барања.

МЗМП идентификуваше повеќе проблеми со кои се соочија граѓаните. Отежнат или ограничен непосреден физички контакт со децата со кои родителот не живее поради ограничувањата за движење и поради неможноста на центрите за социјална работа навремено да реагираат. Жртвите на семејно насилство во еден период, немаа дозвола за движење за време на „полициски час" за да го пријават насилството. Ова беше резултат за понатамошно насилство или жртвата да се откаже од започнување или спроведување постапка. Правата од социјална заштита не се остваруваа навремено главно поради намалениот персонал на институциите или неможност навремено да обезбедат потребна документација поради ограничено движење. Забележан е и ограничен пристап до здравствена заштита и лекување поради пренаменување на најголем дел на поликлиниките и здравствените установи за лекување пацинети кои се заразени со COVID – 19. Не беа исклучени и прашањата од работни односи и спорови кои како последица се наметнаа од целата состојба со пандемијата.

www.pravnapomos.mk

# ПРОМОВИРАНА ВЕБ-СТРАНИЦА СО ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРАВОТО НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ




Во октомври 2020 Министерството за правда ја промовираше ја промовираше веб-страницата www.pravnapomos.mk изработена со поддршка на Програмската канцеларија на Советот на Европа (во рамките на проектот „Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија") преку која граѓаните ќе можат да се информираат за бесплатната правна помош. Веб страницата содржи јасни и разбирливи упатства и информации за начинот на кој што граѓаните може да се стекнат со примарна и секундарна правна помош како и со бесплатна правна помош во кривични и други постапки. Дополнително, на веб-страницата се објавени и давателите на правна помош каде граѓаните може да се обратат доколку имаат потреба од правна помош. Посебна фејсбук страница „Бесплатна правна Помош" е исто така изработена, каде што граѓаните ќе може да најдат голем дел од содржините кои што ги содржи веб-страницата. Изработката на веб-страницата и фајсбук-страницата за бесплатна правна помош се дел од една поширока кампања која што ја спроведува Министерството за правда во соработка со Советот на Европа за промоција на правото на бесплатна правна помош кај граѓаните.

# НАЦИОНАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

**ЗА ПРОЕКТОТ**

Проектот "Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија" е дел од програмата „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција II 2019-2022", заеднички проект на Европската унија / Совет на Европа којшто го спроведува Советот на Европа., чијашто цел е да им се помогне на земјите-корисннчки од Југоисточна Европа да ги достигнат европските стандарди и Акито на Европската унија, во рамките на процесот на проширување.

Националното координативно тело за примена на Законот за бесплатна правна помош (НКТ) е формирано во јануари 2020 со поддршка на Советот на Европа како форум за споделување информации, комуникација и координација помеѓу засегнатите страни на теми од значење за примената на Законот за бесплатна правна помош и олеснување на пристапот до правда на национално ниво. Цели и функции на НКТ се:

- Подобрување на квалитетот и пристапноста на бесплатната правна помош до потенцијалните корисници
- Подобрување на комуникацијата помеѓу засегнатите страни вклучувајќи споделување информации, координација за индивидуални случаи како и навремено доставување на податоци потребни за постапување по барањата за секундарна правна помош;
- Зајакнување на меѓусебното разбирање помеѓу сите засегнатите страни во однос на нивните надлежности, функции, експертиза како и проблеми кои се поврзани со спроведувањето на ЗБПП;
- Идентификување на проблеми и предизвици во процесот на спроведување на ЗБПП;
- Идентификување на средства и стратегии за зголемување на промоцијата на ЗБПП до граѓаните и активно вклучување во промотивни активности.

НКТ е составено од 28 членови од кои 12 членови се во потесната група, додека 16 членови влегуваат во пошироката група. Потесната група ја сочинуваат претставници на засегнати страни кои непосредно се засегнати од примената на ЗБПП како администратори на системот на бесплатна правна помош или како даватели на бесплатна правна помош.

Пошироката група на НКТ ја сочинуваат претставници на државни органи, институции и организации кои ја засегаат или се засегнати од примената на ЗБПП, или на друг начин се вклучени во олеснувањето на пристапот до правда за граѓаните.

НКТ работи на состаноци. Состаноците на НКТ се одржуваат најмалку еднаш на секои три месеци (квартално), а по потреба и почесто. НКТ работи врз основа на Деловникот за работа усвоен на вториот состанок на ова тело.

Овој Билтен е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде во никој случај не може да се сметаат за одраз на официјалното мислење на која било од страните.

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа
EUROPEAN UNION
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Имплементирано од Советот на Европа